Машински факултет
Број 02-1453/2
26.10.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019 и 635/2022), како и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Огласот за избор на демонстратори број 08-1446/2 и предлогот на Комисијата за избор, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 2-та редовна седница, одржана на 26.10.2023 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за избор на демонстратор за предметите Механика на флуиди и Вовед во машинство

1.Слободан Христовски, дипл.маш.инж., студент на втор циклус студии на студиската програма SUSTAINABLE ENERGY AND ENVIRONMENT, се избира за демонстратор за предмети Механика на флуиди и Вовед во машинство во Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машинскиот факултет во Скопје, за период од една учебна година.

2. Именуваниот, како помошник во наставно-образовниот процес на прв циклус студии на предметите Механика на флуиди и Вовед во машинство, ќе биде ангажиран со најмалку шест, односно најмногу дванаесет часа седмично, во обем и на начин определени со предметните програми на кои ќе биде ангажиран.

3. Во наставно-образовниот процес демонстраторот ќе учествува со давање помош при одржување на вежбите и реализација на сродни активности, како прием на домашни задачи, елаборати и консултации по наставните предмети и дополнително со давање помош при спроведување на испитите.

4. Со изборот и ангажманот за демонстратор на именуваниот во полн износ му се признаваат трошоците за школарина на втор циклус студии на Факултетот.

5. Меѓусебните права и обврски помеѓу Факултетот и демонстраторот ќе се уредат со договор.

Одлуката да се достави до: именуваниот, студентска служба, општа служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Златко Петрески

Изготвил:В.Гонтарева Темелковски